# Покана за присуство на II Јавен состанок на АЕК за 2017 година

Агенцијата за електронски комуникации Ве поканува да присуствувате на II Јавен состанок за 2017 година што ќе се одржи на 29 Ноември 2017 година со почеток во 10:00 часот во Административната зграда на АЕК – Бизнис сала, VI кат (адреса: Кеј Димитар Влахов бр. 21, Скопје).

Агенцијата за електронски комуникации, по принципот на своето транспарентно работење, овие состаноци ги организира со цел да им се овозможи на сите заинтересирани страни да се информираат и запознаат со превземените активности, мерки и дејности за оваа година како и стратегијата и плановите за развој и делување во наредниот период. Би ни било од особено значење доколку и Вие како значаен субјект на пазарот за електронски комуникации, со свои претставници присуствувате на овој состанок и дадете придонес во унапредување на работата на Агенцијата и за наша заедничка соработка.

Во прилог Ви доставуваме формуалар за регистрација кој треба да го пополните и доставите до АЕК најдоцна до 27 Ноември 2017 година на следната e-mail адреса: 2js2017@aec.mk

Срдечен поздрав

Датум 15.11.2017
Бр. 1002-2982/1

Директор
Сашо Димитријоски